**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**
**СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ - СКОПЈЕ**

Арх. бр. 02-3580/1
24.11 2023година
Скопје

Врз основа на член 110 став 1 точка 8 и член 182 од Законот за високо образование (Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 178/2021), член 19 и член 42 од Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје (Универзитетски гласник бр. 411/2018 и 426/2019), на предлог на рецензентската комисија во состав: д-р Јулијана Николовска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, д-р Красимира Борисова Јанева- Рибагина, редовен професор на Факултетот за дентална медицина при Медицинскиот универзитет во Софија и д-р Мира Јанкуловска, редовен професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје, чиј реферат е објавен во Универзитетскиот билтен бр. 1293 од 15.10.2023, Наставно-научниот совет на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје, на 64-та редовна седница одржана на 24.11.2023 година ја донесе следнава

# О Д Л У К А
**за избор во насловно звање**

**Член 1**

СЕ ПРИФАЌА реферат на рецензентската комисија објавен во Билтен на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје бр. 1293 од 15.10.2023 година за избор на д-р Влатко Коколански во насловно звање ДОЦЕНТ од научната област друго - јавно здравство во стоматологијата на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје.

**Член 2**

СЕ ИЗБИРА д-р Влатко Коколански во насловно звање ДОЦЕНТ од научната област друго - јавно здравство во стоматологијата на Универзитет ,,Св. Кирил и Методиј” во Скопје Стоматолошки факултет – Скопје.

**Член 3**

Составен дел на Одлуката е Договорот со кој се уредуваат правата и обврските помеѓу избраното лице и Факултетот.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето.

Доставено до:
-досие на седницата,
-именуваниот,
-сметководство.

Изработил: Елизабета Алексовска
Одобрил: д-р спец. Влатко Коколански

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Северна Македонија
СТОМАТОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ

**Декан**
**проф. д-р Ќиро Ивановски**